РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 14-06-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-7611 | | | |

**До:**
Цветанка Ристевска
бул.„1 Мај„ бр.61
Општина Битола
7000 Битола

**Барање**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Според јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страна и Службен Гласник на општина Битола, потребни ни се следните информации:

1. Предлог буџет за 2022 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

2. Граѓански буџет за било која година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

3. Извештај од надворешна ревизија (Државен завод за ревизија) за некоја од последните 5 години (2016-2020)
   Доколку се објавени на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истите, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

4. Отчет за 2021 година
   Доколку е објавен на Вашата веб страна, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

5. Стратегија за управување со ризици
   Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма.

6. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

7. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

8. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2021 година?

9. Доколку да, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
*г) електронски запис*
д) друго--------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
*г) е-маил*
д) друго--------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател на информацијата**:

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Место: Скопје　　　　　　　　　　Датум: 13.06.2022

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Благица Василевска
Раководител на одделение за правно – нормативни работи

Бр.11-76/2
15.06.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-76/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на истото во рок од 5 работни дена.

16.06.2022
ВБ

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Благица Талевска
Раководител на одделение за буџетска координација

Бр.11-76/3
15.06.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-76/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на точките 1, 2 и 3 во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

Примил
16.06.2022

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Наташа Лукиќ
Помошник раководител на
сектор за финансии

Бр.11-76/4
15.06.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-76/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на точката 5 во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
IV
ОПШТИНА БИТОЛА

15.06.2022

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 17.06.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-7615 | | | |

**Сектор за финансиски прашања**

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до инф.од јавен карактер
Цветанка Ристевска
Битола

Предмет: ОДГОВОР на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со барањето бр.11-76/4 од 15.06.2022 година а во врска со точка бр.5 од истото, Ве известувам дека Општина Битола располага со Стратегија за управување со ризици. Не е објавена на веб страната или во Сужбен гласник, затоа што е направена за интерна употреба на Секторот за финансии и на општината во целост.
Ќе Ви ја доставиме во електронска верзија на маил.

Со почит,

Битола, 17.06.2022

Пом.раководител на сектор за финансиски прашања

Наташа Лукиќ

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија

тел: 047 234 234 047 208 328 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 21.06.2022
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 11-76/6 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 20-02/19
21.06 2022 год.
БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**
**Одделение за буџетска координација**

**До**
**Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

Предмет: Достава на информации

Почитувани,

Согласно Вашето барање со бр.11-76/3 од 15.06.2022 год. Ви ги доставувам следниве информации:

Во однос на првата точка ова е линкот од Предлог буџетот на Општина Битола за 2022 година https://www.bitola.gov.mk/predlog-budzet-opstina-bitola-2022-godina/.

За втората и третата точка Ве известуваме дека немаме Граѓански буџет и Државниот завод за ревизија нема спроведено финансиска ревизија во Општина Битола во последните 5 години.

Со почит,

21.06.2022 година
Битола

Раководител на Одделение
за буџетска координација

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 326 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 22-06-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-76/7 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
Одделение за правно - нормативни работи

Бр.10-12/1
22.06.2022 год.
Б и т о л а

До

- Раководител на Одделение за административни и општи работи
- Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
Цветанка Ристевска

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-76/1 од 14.06.2022 година**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од , под Бр.11-76/1 од 14.06.2022год., Во врска со бараните информации под точка 6, согласно Член 23 од Статутот на Општина Битола („Сл.Гласник на Општината Битола" Бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), - Седниците на советот се јавни. За исклучување на присуство на јавноста на седници се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со Статутот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. При расправата за Буџетот на Општината, годишната сметка на Буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи - и согласно Член 144, 145, 146, 147, 148 и 149 од Деловникот за работа на Советот на Општина Битола („Сл.Гласник на Општината Битола" Бр.15/05), - Советот обезбедува информирање на јавноста за работата на Советот и за своите ставови и одлуки во врска со прашањата за кои расправа. Седниците на Советот се јавни. Одлуката за исклучување на присуството на јавноста се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, кога се разгледуваат прашања од доверлив карактер. На расправата по Статутот, Деловникот, Буџетот на Општината, Завршната сметка на Буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста неможе да се исклучи. Заинтересираните граѓани можат да присуствуваат на седниците на Советот, доколку нивиот број не ја попречува работата на Советот. Претставниците на средствата за јавно информирање присуствуваат на седниците на Советот и седниците на работните тела, за известување на јавноста за нивната работа, доколку седницата не е прогласена за тајна. Конференција со средствата за јавно информирање во врска со работата на Советот се одржува кога за тоа ќе одлучи Советот и Претседателот на Советот, а за тоа се определува претставник кој ќе одржи конференција со средствата

за јавно информирање. Заради известување на јавноста за работата на органите на Општината, сите прописи кои ги донесува Советот и Градоначалникот на Општината, се објавуваат во "Службен гласник на Општината".

Во однос на точка 7, општината ги информира граѓаните за одржување на седниците на Советот на Општина Битола преку објава на дневен ред од точките со ден, место и време на одржување на седницата на веб страната на општината како и со електронско доставување на материјали за седницата заедно со дневниот ред до средствата за информирање - медиумите.

По однос на точка 9 на седните на Советот при изгласување на завршната сметка од причина што седниците се јавни, имало присустни граѓани.

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр. 11-76/8
30.06.2022

**Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од ] со бр. 11-76/1, а во врска со бараната информација под точка 4, Општина Битола на Веб страната нема објавено целосен отчет за 2021 година, истиот е објавен парцијално во форма на информатори.

https://www.bitola.gov.mk/#dearflip-df_37141/1/

https://issuu.com/opstinabt/docs/otcet21_awpf

Со Почит,

Раководител на одделение
за административни и општи работи
Цветанка Ристевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-76/9
01.07.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **14.06.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Информации според буџетските документи на официјалната веб страна и Службен Гласник на Општина Битола **(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-76/1
2. Допис до Одделение за правно – нормативни работи со бр.11-76/2 од 15.06.2022
3. Допис до Одделение за буџетска координација со бр. 11-76/3 од 15.06.2022
4. Допис до Сектор за финансии со бр. 11-76/4 од 15.06.2022
5. Одговор од Сектор за финансии со бр.11-76/5 од 17.06.2022 со прилог документација
6. Одговор од Одделение за буџетска координација со бр. 11-76/6 од 21.06.2022
7. Одговор од Одделение за правно – нормативни работи со бр. 11-76/7 од 22.06.2022
8. Одговор од Одделение за административни и општи работи со бр. 11-76/8 од 30.06.2022

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 01.07.2022 година, под бр. 11-76/9.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk